Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-451/8
29-08-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-451/1 од 11.06.2024 година поднесена од лицата [redacted], сите од Штип и сите со адреса на живеење на [redacted] во Штип, против Министерство за финансии на Република Северна Македонија – Царинска Управа, за извршена дискриминација врз основа на државјанство во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на државјанство во областа на пристапот до добра и услуги и правосудство и управа од страна на Министерство за финансии на Република Северна Македонија – Царинска Управа, кон лицата [redacted], сите од Штип.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: Комисијата ) поднесена е претставка бр. 08-451/1 од 11.06.2024 година, од страна на лицата [redacted] сите од Штип и сите со адреса на живеење на [redacted] во Штип, за сторена дискриминација врз основа на државјанство во областа на пристапот до добра и услуги, од страна на Министерство за финансии на Република Северна Македонија – Царинска Управа.

Во претставката за заштита од дискриминација подносителот [redacted] наведува дека тој и неговите синови, гореименуваните, ја поднесуваат претставката поради тоа што сметаат дека врз нив, односно врз нивното семејство се врши дискриминација од страна на Царинска Управа, конкретно од страна на царисնката испостава на граничен премин Ново Село. Посочува дека повеќепати имаат излезено од наведениот граничен премин без никаков проблем, но кога треба да се вратат назад, односно да направат влез во државата преку истиот граничен премин наидуваат на проблем од страна на царинската контрола при што полициската контрола ја поминувале без никаков проблем. Наведува дека без постоење на било каква причина од страна на царинската контрола не им е дозволено да поминат, со објаснување дека нивниот автомобил е со странски регистарски таблички и дека треба да излезат на друг граничен премин. Имале повеќе обиди за разговор со претпоставен вработен, но секогаш го добивале истото објаснување – да се вратат назад и да се упатат на друг граничен премин, со што подносителот наведува дека им е забрането слободното

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

движење преку граничниот премин Ново Село. Поради ова, односно поради тоа што без никакво конкретно објаснување и конкретна причина од страна на царинската контрола им е ускратено слободното движење на граничниот премин, врз нив е сторена дискриминација.
На 13.06.2024 година Подносителот [redacted] достави дополнување на претставката заведено под број 08-451/2 во кое наведува дека смета дека причина за дискриминацијата која се врши врз него и членовите на неговото семејство, исто така подносители на претставката [redacted] е фактот дека неговото возило е со странски, конкретно бугарски регистарски таблички па вработените во царинската контрола претпоставувале дека тој има и бугарско државјанство, односно возилото го асоцирале со негова претпоставена држава и национална припадност. На крајот посочува дека бил спречен да влезе во Република Северна Македонија вкупно 15 пати.

Со оглед на наведеното, Комисијата на 14.06.2024 година со Барање број 08-451/3 се обрати до Царинската Управа, за произнесување по наводите во претставката. Со оглед да произнесување не беше доставено во законски утврдениот рок, Комисијата повторно се обрати до управата со Ургенција број 08-451/4 од 16.07.2024 година. По ова на 25.07.2024 година во Комисијата е пристигнат Одговор на барање заведен под број 09-033613/24-0004 од 11.07.2024 година на Царинската Управа – Централна управа. Во одговорот се наведува Царинската Управа побарала податоци од Национален координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал за влез и излез на лицата [redacted] од Штип за периодот од 25.03.2023 година до 25.06.2024 година, поради тоа што Царинската Управа немала евиденција по лица. По добиени податоци се наведува дека од увидот во истите е јасно дека подносителите на претставката ја поминале државната граница на повеќе гранични премини, а дел од преминувањата биле остварени на граничен премин Ново Село. При преминувањето на границата овие лица користеле повеќе различни патнички и товарни моторни возила. Во неколку преминувања видливо било дека при влез во Република Северна Македонија користејќи патничко моторно возило со бугарски ознаки лицата биле вратени на граничниот премин Ново Село. Понатаму се наведува дека на 09.07.2024 година бил извршен службен разговор со одговорните лица во царинската испостава Ново Село, па се наведува дека вработените постапувајќи согласно законските и подзаконските прописи, соработуваат со полициските службеници на сите гранични премини. Во неколку наврати на граничниот премин Ново Село при пасошка контрола на наведените лица од страна на полициските службеници било побарано од царинските службеници да извршат дополнителни проверки на патнички моторни возила со бугарски ознаки. Постапувајќи по службена должност, а согласно точка 44 од Упатство за привремен увоз бр. 01-032923/22-0001 од 26.07.2022 година и точка 10 од Насока за привремен увоз на транспортни средства бр. 01-021671/24-0001 од 30.04.2024 година, било утврдено дека возилото не може да влезе на територија на царинско подрачје на Република Северна Македонија. Од тие причини не било дозволено влез на возилото како царинска стока, а не на именуваните лица. По ова лицата се упатиле на друг граничен

премин на кој полициските службеници не побарале од страна на царинскните службеници да извршат дополнителни проверки па истите преминале преку граничниот премин.

Врз основа на наводите во претставката, дополнувањето на истата како и произнесувањето, односно одговорот на потенцијалниот дискриминатор и прибавените докази, Комисијата ја утврди следната фактичка состојба: лицата [redacted], сите од Штип, се државјани на Република Северна Македонија, со патни исправи издадени од надлежен орган на Република Северна Македонија. Како што е видно од листи кои се доказен материјал кон предметот, именуваните лица во повеќе наврати ја напуштаат, односно прават излез од границите на државата и се враќаат, односно прават влез во Република Северна Македонија со патнички и со товарни моторни возила. Заминувањата и враќањата се евидентирани на сите гранични премини, меѓу кои повеќепати и на граничен премин Ново Село, во пократко како и во подолго времетраење. Природата на истите во претставката не е наведена.

Согласно член 9 од Уставот на државата, *граѓаните се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верско уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.*

Согласно член 27 став (2) од Уставот, *секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.*

Согласно член 1 од Закон за Царинска управа, со законот се уредува организацијата, делокругот на работа и управувањето со Царинската управа, царинските надлежности, класификацијата на работните места, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Царинската управа. Согласно член 13 од овој закон, во извршувањето на своите надлежности, Царинската управа и царинските службеници не треба да вршат дискриминација на кое било лице врз ниедна основа како што се: пол, раса, боја на кожата, национално или социјално потекло, политичко и верско уверување, имотна и општествена положба или друг статус. Во член 7 од истиот закон е уредено дека Директорот ја претставува Царинската управа. Директорот е надлежен за донесување оперативни инструкции во писмена форма од сите области на царинското и акцизното работење.

Следствено на наведеното донесено е Упатство за привремен увоз од 26.07.2022 година со кое се уредува постапката за привремен увоз, условите за одобрување на привремен увоз со цел ослободување од плаќање на давачки и привремениот увоз со делумно ослободување од плаќање увозни давачки, барање и давање на одобрение, како и завршување на одобрената постапка. Во Глава II точка 10 од Упатството е уредено дека поимот "привремен увоз" е пропишан со член 150 од Царнскиот законик кој гласи "Со постапката на привремен увоз се овозможува употреба на странска стока во царинското подрачје, со целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки и без примена на мерки на трговска политика, ако истата е наменета за

повторен извоз во непроменета состојба, освен вообичаеното намалување на вредноста заради нејзина употреба". Во точка 16 е уредено дека "Општо правило е дека стоката може да биде во постапка на привремен увоз најмногу 24 месеци. Во случаи кога постапката на привреме увоз одобрена за ист имател и за иста цел е завршена со ставање на стоката во друга одложувачка постапка и повторно ставање во постапка на привремен увоз за истиот имател, вкупниот рок не може да надмине 24 месеци".
Во Глава III.1.3 насловена како "Други транспортни средства", во точка 38 е определено дека Поимот "транспортни средства " значи секој брод, аероглисери, летала, патни моторни возила ( вклучувајќи моторцикли, приколки, полуприколки и комбинација на возила) и возила кои се движат по шини, заедно со нивните нормални резервни делови, прибор и вообичаена опрема која се наоѓа на транспортното средство (вклучувајќи специјална опрема за натовар, истовар, ракување и заштита од товарот). Точка 40 уредува дека Поимот "комерцијална употреба" значи превоз на луѓе за надомест или индустриски или комерцијален превоз на стока, со или без надомест, додека пак Точка 41 утврдува дека Поимот "приватна употреба" значи превоз исклучиво за приватни цели на соодветно лице кој исклучува комерцијална употреба. Во точка 44 се уредува дека "лице со живеалиште" значи физичко лице кое има постојано живеалиште во едно место повеќе од 183 дена во една календарска година односно живеалиште е местото во кое физичкото лице се населило со намера во него постојано да живее. Точка 47 прецизира дека Физички лица со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје се ослободуваат од увозни давачки кога кумулативно се исполнети следниве услови : - приватно привремено употребуваат транспортни средства, - по упатства на носителот на регистрација, - кој во моментот на употребата е присутен во царискното подрачје. Точка 49 уредува дека Привремен увоз на транспортни средства кои комерцијално или приватно се употребуваат, се одобрува на: - физичко лице со живеалиште или одобрен престој во царинското подрачје, - вработено е од сопственикот на транспортното средство, кое е со седиште надвор од царинското подрачје (или на друг начин овластено е од истото). Надлежниот орган МОЖЕ да го ограничи привремениот увоз во случај на повеќекратна (систематска) употреба. Понатаму, во Точка 50 се уредуваат Роковите за завршување на привремениот увоз на трасnпортни средства, па во алинеите 4 и 5 се уредува дека 4) средствата за патен транспорт за приватна употреба од страна на лица кои извршуваат задачи кои имаат определено траење, за времетраење на извршувањето на задачите и 5 ) средствата за патен транспорт за приватна употреба во други случаи, вклучувајќи и животни за јавање или влечни животни и возилата што ги влечат – ШЕСТ месеци за период од дванаесет месеци. Крајно, во точка 51 се уредува дека Рокот за завршување на привремен увоз на транспортни средства за патен сообраќај за приватна употреба, шест месеци за период од 12 месеци, значи дека лицето на кое му е одобрен привремениот увоз може да го напушти царинското подрачје еднаш или повеќе пати во рамки на рокот за привремен увоз од Шест месеци. Меѓутоа, по завршувањето на рокот од шест месеци, транспортните средства за приватна употреба треба повторно да се извезат од цариснкото подрачје и друг привремен увоз не може да се одобри доколку не помине врменски период од шест месеци од денот на повторниот извоз.

Исто така на 30.04.2024 година донесена е Насока за привремен увоз на транспортни средства чија цел е појаснување на царинската постапка привремен увоз во делот кој се однесува на привремен увоз на транспортни средства. Во Точка 10 од Насоките се уредува дека "Одобрувањето на привремениот увоз како постапка не е поврзана со ДРЖАВЈАНСТВОТО на лицето кому се одобрува туку со неговото живеалиште. Како живеалиште се смета она место во кое лицето е постојано настанато и живее повеќе од 183 дена во текот на една година".

Согласно сето изнесено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација утврдена со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација која гласи: *"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"* , односно Комисијата утврди дека не е сторена дискриминација кон лицата [redacted], сите од Штип, од страна на Министерство за финансии – Царинска Управа – Граничен премин Ново Село, врз основа на државјанство во областа на пристапот до добра и услуги и правосудство и управа. Наведеното од причина што полициските и царинските службеници на наведениот граничен премин на именуваните лица им дозволиле непречен влез и излез од државата што е видно од доказниот материјал доставен од страна на надлежните институтции. Воедно, согласно изнесеното во случаите кога именуваните не биле пропуштени од страна на царинската контрола на граничниот премин, ограничувањето за влез во државата се однесувало на патничките и товарни моторни возила кои ги управувале, а согласно правилата за привремен увоз на патнички моторни возила, но не и на нив лично поради што би им било ограничено правото на слободно движење.

Врз основа на сето погоре, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
26.08.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Димко Безароски

Доставено до:

- [redacted]
- Царинска Управа, ул. Лазар Личеноски, бр. 9, Скопје
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk